

# ДОГОВОР ЗА ПРОДАЖБА

СУДИЈА ЉУБИЦА КОЛИЌ



## ЗАКОНСКА РАМКА И ПОИМ

- ЗАКОН ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ

- СО ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА ПРОДАВАЧОТ СЕ ОБВРЗУВА СТВАРТА ШТО ЈА ПРОДАВА ДА МУ ЈА ПРЕДАДЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА КУПУВАЧОТ КОЈ СЕ ОБВРЗУВА ДА МУ ЈА ПЛАТИ НА ПРОДАВАЧОТ ЦЕНАТА НА СТВАРТА

- ПРОДАВАЧОТ НА НЕКОЕ ПРАВО СЕ ОБВРЗУВА НА КУПУВАЧОТ ДА МУ ГО ПРИБАВИ ПРОДАДЕНОТО ПРАВО, А КОГА ВРШЕЊЕТО НА ТОА ПРАВО БАРА ДРЖЕЊЕ НА СТВАРТА И ДА МУ ЈА ПРЕДАДЕ СТВАРТА

# ФОРМА НА ДОГОВОРОТ

- ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ СТВАРИ Е КОНСЕНЗУАЛЕН ДОГОВОР
- ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНОСТИ СЕ СКЛУЧУВА ВО ФОРМА НА ЈАВНО ЗАВЕРЕНА ИСПРАВА
- ПОТПИСИТЕ НА СТРАНИТЕ СЕ ЗАВЕРУВААТ КАЈ НОТАР, СОГЛАСНО ПРАВИЛАТА НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

## БИТНИ ЕЛЕМЕНТИ

- ПРЕДАВАЊЕ НА СТВАР ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ ПРЕНОС НА ОПРЕДЕЛЕНО ПРОМЕТЛИВО ПРАВО
- ИСПЛАТА НА КУПОПРОДАЖНА ЦЕНА

# ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

- ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ МОРА ДА БИДЕ ВО ПРОМЕТ
- АКО ПРЕДМЕТОТ Е ВОН ПРОМЕТ, ДОГОВОРОТ Е НИШТОВЕН
- ЗА ПРОДАЖБАТА НА ПРЕДМЕТИ ЧИЈШТО ПРОМЕТ Е ОГРАНИЧЕН ВАЖАТ ПОСЕБНИ ПРОПИСИ
- ПРОДАЖБАТА МОЖЕ ДА СЕ ОДНЕСУВА И НА ИДЕН ПРЕДМЕТ
- ПРОДАЖБАТА НА ТУЃ ПРЕДМЕТ ГИ ОБВРЗУВА ДОГОВАРАЧИТЕ, НО КУПУВАЧОТ КОЈ НЕ ЗНАЕЛ ИЛИ НЕ МОРАЛ ДА ЗНАЕ ДЕКА ПРЕДМЕТОТ Е ТУЃ МОЖЕ, АКО ПОРАДИ ТОА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОСТВАРИ ЦЕЛТА НА ДОГОВОРОТ, ДА ГО РАСКИНЕ ДОГОВОРОТ И ДА БАРА НАДОМЕСТ НА ШТЕТАТА
- СПОРНО ПРАВО МОЖЕ ДА БИДЕ ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР ЗА ПРОДАЖБА

# ЦЕНА

**ЦЕНАТА МОЖЕ ДА БИДЕ ОПРЕДЕЛЕНА ВО ОПРЕДЕЛЕН БРОЈ НА ПАРИЧНИТЕ ЕДИНИЦИ И ВАЛУТАТА ВО КОИ ТРЕБА ЦЕНАТА ДА СЕ ПЛАТИ**

- **ПО ПРАВИЛО, ЦЕНАТА СЕ ПЛАЌА САМО ВО ПАРИ**
- **ЦЕНАТА МОЖЕ ДА БИДЕ И ПРОПИШАНА**
- **КОГА Е ДОГОВОРЕНА ПОГОЛЕМА ЦЕНА ОД ОНАА ШТО ЗА ОПРЕДЕЛЕН ВИД ПРЕДМЕТИ ЈА ПРОПИШАЛ НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН, КУПУВАЧОТ ГО ДОЛЖИ САМО ИЗНОСОТ НА ПРОПИШАНАТА ЦЕНА**
- **АКО ВЕЌЕ ЈА ИСПЛАТИЛ ДОГОВОРЕНАТА ЦЕНА, ИМА ПРАВО ДА БАРА ДА МУ СЕ ВРАТИ РАЗЛИКАТА**
- Кога е договорена тековна цена, купувачот ја должи цената утврдена со официјалната евиденција на пазарот во местото на продавачот во време кога требало да настапи исполнувањето. Ако таква евиденција нема, тогаш тековната цена се определува врз основа на елементите со помошта на кои, според обичаите на пазарот, се утврдува цената

# ЦЕНА

**Кога цената не е определена**

- Ако со договорот за продажба цената не е определена, а ни договорот не содржи доволно податоци со чија помош таа би можела да се определи, договорот нема правно дејство.
- Кога со договорот за продажба во стопанството цената не е определена, ниту во него има доволно податоци со помошта на кои таа би можела да се определи, купувачот е должен да ја плати цената што продавачот редовно ја наплатувал во време на склучувањето на вакви договори, а во недостиг на оваа разумна цена.
- Како разумна цена се смета тековната цена во времето на склучувањето на договорот, а ако таа не може да се утврди тогаш цената што ја утврдува судот според околностите на случајот.

# ЦЕНА

- **ЦЕНАТА Е ОПРЕДЕЛИВА КОГА ДОГОВОРОТ СОДРЖИ ДОВОЛНО ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕНАТА**
- **ЦЕНАТА МОЖЕ ДА ЈА ОПРЕДЕЛИ И ТРЕТО ЛИЦЕ**
- **АКО ТРЕТО ЛИЦЕ НА КОЕ МУ Е ДОВЕРЕНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ЦЕНАТА НЕ САКА ИЛИ НЕ МОЖЕ ДА ЈА ОПРЕДЕЛИ, А ДОГОВАРАЧИТЕ НЕ СЕ СОГЛАСАТ ДОПОЛНИТЕЛНО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ЦЕНАТА, НИТУ ГО РАСКИНАТ ДОГОВОРОТ, ЌЕ СЕ СМЕТА ДЕКА Е ДОГОВОРЕНА РАЗУМНА ЦЕНА**
- **Одредбата од договорот со која определувањето на цената се остава на волјата на еден договарач се смета како да не е ни договорена и тогаш купувачот ја должи цената како во случајот кога цената не е определена.**

# ОБВРСКИ НА ПРОДАВАОТ

1. Предавање на  предметот

2. Гаранција за својствата на предметот

3. Гаранција за техничките својства на предметот

# ПРЕДАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ

- **ПРОДАВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА МУ ГО ПРЕДАДЕ ПРЕДМЕТОТ НА КУПУВАЧОТ ВО ВРЕМЕТО И НА МЕСТОТО ПРЕДВИДЕНО СО ДОГОВОРОТ**
- **КОГА ДАТУМОТ НА ПРЕДАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ НА КУПУВАЧОТ НЕ Е ОПРЕДЕЛЕН, ПРОДАВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ПРЕДАВАЊЕТО ДА ГО ИЗВРШИ ВО РАЗУМЕН РОК ПО СКЛУЧУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ**
- **КОГА МЕСТОТО НА ПРЕДАВАЊЕТО НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНО СО ДОГОВОРОТ, ПРЕДАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ СЕ ВРШИ ВО МЕСТОТО ВО КОЕ ПРОДАВАЧОТ ВО МОМЕНТОТ НА СКЛУЧУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ИМАЛ СВОЕ ЖИВЕАЛИШТЕ**

# РИЗИК ПРИ ПРЕДАВАЊЕ

- **ДО ПРЕДАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ НА КУПУВАЧОТ, РИЗИКОТ ЗА СЛУЧАЈНА ПРОПАСТ ИЛИ ОШТЕТУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ ГО ПОДНЕСУВА ПРОДАВАЧОТ, А СО ПРЕДАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ РИЗИКОТ ПРЕМИНУВА ВРЗ КУПУВАЧОТ**
- **АКО ПРЕДАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ НЕ Е ИЗВРШЕНО ПОРАДИ ЗАДОЦНУВАЊЕ НА КУПУВАЧОТ, РИЗИКОТ ПРЕМИНУВА ВРЗ КУПУВАЧОТ ВО МОМЕНТОТ КОГА ПАДНАЛ ВО ЗАДОЦНУВАЊЕ**
- **ВО СЛУЧАЈ КОГА СПОРЕД ДОГОВОРОТ Е ПОТРЕБНО ДА СЕ ИЗВРШИ ПРЕВОЗ НА ПРЕДМЕТОТ, А СО ДОГОВОРОТ НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНО МЕСТОТО НА ИСПОЛНУВАЊЕТО, ПРЕДАВАЊЕТО Е ИЗВРШЕНО СО ВРАЧУВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ НА ПРЕВОЗНИКОТ ИЛИ НА ЛИЦЕТО КОЕ ГО ОРГАНИЗИРА ЕКСПЕДИРАЊЕТО**

# ОБВРСКИ НА КУПУВАЧОТ

- КУПУВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ПЛАТИ ЦЕНАТА ВО ВРЕМЕТО И НА МЕСТОТО ОПРЕДЕЛЕНО ВО ДОГОВОРОТ

- ВО НЕДОСТИГ НА ДОГОВОРНА ОДРЕДБА ИЛИ НА ПОИНАКВИ ОБИЧАИ, ПЛАЌАЊЕТО СЕ ВРШИ ВО МОМЕНТОТ И ВО МЕСТОТО ВО КОЕ СЕ ВРШИ ПРЕДАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ
- ВО СЛУЧАЈ НА ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ИСПОРАКИ, КУПУВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ИСПЛАТИ ЦЕНАТА ЗА СЕКОЈА ИСПОРАКА ВО МОМЕНТОТ НА НЕЈЗИНОТО ПРЕЗЕМАЊЕ, ОСВЕН АКО НЕШТО ДРУГО Е ДОГОВОРЕНО ИЛИ ПРОИЗЛЕГУВА ОД ОКОЛНОСТИТЕ НА РАБОТАТА

# ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ

- ПРЕЗЕМАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ СЕ СОСТОИ ВО ВРШЕЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ ДЕЈСТВИЈА ЗА ДА БИДЕ ВОЗМОЖНО ПРЕДАВАЊЕТО, КАКО И ВО ОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ
- АКО КУПУВАЧОТ БЕЗ ОПРАВДАНА ПРИЧИНА ОДБИЕ ДА ГО ПРЕЗЕМЕ ПРЕДМЕТОТ ЧИЕ ПРЕДАВАЊЕ МУ Е ПОНУДЕНО НА ДОГОВОРЕНИОТ ИЛИ ВООБИЧАЕНИОТ НАЧИН И НА ВРЕМЕ, ПРОДАВАЧОТ МОЖЕ, АКО ИМА ОСНОВАНА ПРИЧИНА ДА СЕ ПОСОМНЕВА ДЕКА КУПУВАЧОТ НЕМА ДА ЈА ИСПЛАТИ ЦЕНАТА, ДА ИЗЈАВИ ДЕКА ГО РАСКИНУВА ДОГОВОРОТ

# СПОРОВИ ПОВРЗАНИ СО ДОГОВОРИТЕ ЗА ПРОДАЖБА

- **Исполнување на договор**
- **Раскинување на договор**
- **Конвалидација на договор**
- **Ништовност на договор**
- **Поништување на договор**
- **Надомест на штета**

# ПРИМЕРИ ОД СУДСКА ПРАКСА



# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО!